# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на 29.09.2022 година, помеѓу:

**1. ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - СКОПЈЕ (ИДСЦС)**, ул. Мирослав Крлежа бр. 52-2, 1000 Скопје, претставуван од Марко Трошановски, **Претседател на ИДСЦС**,

и

2. **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА (ДЗР),** ул. Павел Шатев бр. 2 – Палата Емануел Чучков, 1000 Скопје, претставуван од м-р Максим Ацевски, **Главен државен ревизор**.

Член 1

Со овој Меморандум се регулира соработката меѓу Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје и Државниот завод за ревизија заради поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес.

Член 2

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на проектните активности кои ги спроведува ИДСЦС, како и активности кои произлегуваат од работата на ДЗР, во согласност со важечките законски прописи и расположливите ресурси, преку:

- Соработка за стратешко планирање;
- Соработка за комуникациски активности;
- Соработка за истражување, дебати, обуки и едукација во области од заемен интерес.

Член 3

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа, со цел унапредување на соработката.

Член 4

Овој Меморандум за соработка може да се измени со писмена согласност меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец, откако по писмен пат ја известил другата страна за раскинувањето.

Член 5

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување.

**Институт за демократија**
**Социетас Цивилис - Скопје**

Претседател,
Марко Трошановски

Институт за демократија
СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС
Бр. 0307-363-1/22
29.09. 2022 год.
СКОПЈЕ

**Државен завод за ревизија**

Главен државен ревизор,
м-р Максим Ацевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 02-1344/1
29.09. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP